## ПРВА ГРУПА (вежба: игра на помнење со поставување на прашања)

### Антички римски мозаици



Покрај ѕидните слики наречени **фрески**, во Рим главно се сочувани и **мозаиците**. Мозаикот е „слика“ направена од камчиња, односно ситни коцкести парчиња со иста дебелина, изработени од мермер, стакло, керамика, кристали, и обоени во различни бои. Мозаикот имал украсна (декоративна) улога и со него биле украсувани подовите и ѕидовите на јавните градби, но и приватните куќи на богатите римски граѓани. Така мозаикот според местото каде што се изработува се дели на **поден** и **ѕиден**.



Ликовните теми биле различни, па сепак може да се забележи дека преовладуваат мотиви на растенија и фигурални прикази од животински свет и митологијата, но постојат и мозаици на кои се насликани реални настани и луѓе.

Римјаните биле љубители на луксузот и убавината, па затоа своите домови ги уредувале со најскапоцени и најубави предмети. Просториите во својот дом ги украсувале со прекрасни скулптури, насликани ѕидови и подни мозаици.



Најмногу мозаици има зачувано во античките градови Помпеи и Херкуланеум (во денешна Италија), кои се делумно или целосно зачувани благодарение на вулканската пепел која ги покрила овие градови по ерупцијата на вулканот Везув во 79 год. н.е. Не заостануваат по квалитетот на изработка и мозаиците во античките градови во денешна Либија, Турција, Англија, Шпанија кои во антиката биле во состав на Римското Царство. Во археолошките наоѓалишта Хераклеја Линкестидска и Стоби во Македонија има голем број на зачувани римски мозаици.

Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND

## ТЕХНИКА – ПАУЗА ЗА РАЗЈАСНУВАЊЕ

Наставникот може да ја работи содржината со техника **пауза за разјаснување**. Целта на оваа техника е да се поттикне *активно слушање* кај учениците.

Во тек на читањето на содржината и на дефинирањето на планот, наставникот треба да застане, да почека да се создаде тишина за време на наставата (пауза). Потоа, треба да постави прашање *Дали на некого му е потребно разјаснување?*.

За време на паузата, наставникот може да се движи низ училница, да разгледува забелешки на ученици, да одговара на нивни прашања итн.
Учениците кои ретко поставуваат прашања пред одделението сега имаат можност да постават заради разјаснување на содржините.

## ТЕХНИКА - ИГРА НА ПОМНЕЊЕ (МНЕМОНИЧКА ИГРА)

Содржината може да се обработи и усвои на следниот начин:
Наставникот ја дели содржината од првата група во неколку пасуси за читање. Ги организира учениците во две групи. Ученик од првата група го чита текстот од првиот пасус од содржината, а потоа учениците од првата група им поставуваат прашања на нивните соученици од втората група. Наставникот сам го избира ученикот од прва група што сака да постави му прашање на ученикот од втора група. Ученикот избира соученик од втората група за да му одговори на поставеното прашање. Доколку не знае, избира некој друг од втората група. Ако и третиот избран ученик не знае да го одговори прашањето, тогаш ученикот што поставувал прашање го дава целосно одговорот.

Откако ќе се исцрпат сите значајни прашања од првиот пасус, друг ученик од првата група по избор на наставникот го чита следниот пасус. Редоследот продолжува сѐ до обработка на содржината на текстот од првата група.

Потоа, играта на помнење со поставување на прашања продолжува кај втората група. Учениците од втората група читаат определени пасуси од текстот и поставуваат прашања на нивните соученици од првата група. Се црпат сите прашања поврзани со содржината од втората група сѐ додека не бидат усвоени позначајните точки.

**Примери од прашања што можат да се постават:**
1. Што е мозаик?
2. Од што се изработувал?
3. Во кои бои биле бојадисани коцкестите камчиња?
4. Каква улога имал мозаикот во просторот каде што бил изработен?
5. Каде често се откривани мозаиците во стариот Рим?
6. Според местото на кое се изработувале, како се поделени мозаиците?
7. Какви ликовни теми преовладуваат во античките мозаици?
8. На што биле љубители Римјаните и со што ги украсувале нивните домови?
9. Во кои два антички града се зачувале најголем број на ѕидни и подни мозаици?
10. За се зачувале ѕидни и подните мозаици во Помпеи и Херкуланеум?
11. Во градови на кои денешни држави се запазени римските мозаици од антиката?
12. Во кои македонски археолошки наоѓалишта се откриени прекрасни мозаици?

*Содржината ја изготвила: проф. Сузе Вељановска*
*Содржината ја изменил и упатството го додал: проф. Ненад Начковски*

Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND